Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈ.
СКОПЈЕ
Примено: 02-01-2018
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:

ДО
Г-дин Зоран Заев
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 29.12.2017

Почитуван Г-дине Заев,

Потписниците на ова писмо се репрезенти на најголемите глобални системи за брз трансфер на пари во Република Македонија (Western Union, Money Gram и Ria) со кои уредно имаат склучено Договори, а врз основа на кои имаат и добиено лиценци за вршење на услугата за брз трансфер на пари од страна на Народната Банка во Република Македонија.

Воедно, потписниците на ова писмо имаат склучено договори со најголем број на субагенти во Република Македонија, кои се уредно регистрирани во Народната Банка на Република Македонија, а преку кои се одвива повеќе од 90% од услугата брз трансфер на пари во Република Македонија.

Со ова писмо Ви се обраќаме по повод предложените измени на Законот за вршење на услуга брз трансфер на пари, а кои се објавени на веб страната ener.gov.mk.

Истакнуваме дека предложените измени на Законот за вршење на услуга брз трансфер на пари не се во согласност со стандардите за вршење на услугата брз трансфер на пари во Европската Унија и во светот.

Сакаме да Ви укажеме дека нема европска регулатива ниту пак има регулатива било каде во светот која се однесува на вршење на услугата брз трансфер на пари, а која нормира задолжително да се доставуваат месечните извештаи за секоја извршена поединечна трансакција до Управата за јавни приходи.

Истакнуваме дека воведување на законска обврска во Република Македонија за да давателите на услуга брз трансфер на пари задолжително ги доставуваат месечните извешати и до Управата за јавни приходи ќе ја направи Република Македонија единствена и прва земја со ваква непродуктивна практика во светот.

Ваквата предложена измена не само што не претставува усогласување со правото на Европската Унија од областа на брзиот трансфер на пари, туку истата

дополнително ќе стимулира прилив на пари по таканаречени ,,црни канали,, и ,,црни приливи,, кои нема да можат да бидат контролирани.

Оттука, оваа предложена измена не преставува усогласување со европска регулатива, а истата ќе има само негативни ефекти.

Имено, согласно податоците за приливот на пари во Република Македонија во 2016 година приливот на пари направен преку давателите за брз трансфер на пари кои се репрезенти на глобалните системи за брз трансфер на пари Western Union, Money Gram и Ria, како формални канали преку кои може да се контролира приливот, изнесува нецели 10% од вкупниот прилив направен во Република Македонија по други основи.

Вака предложените измени имплицираат дека приливот на пари добиен по основ на брз трансфер на пари сега дополнително ќе биде и предмет на оданочување, иако, истиот веќе е контролиран со доставување на дневни извештаи до Народна Банка на Република Македонија и со известувања до Управата за финансиско разузнавање.

Од друга страна доколку предложените измени немаат за цел оданочување на приливот на пари, тогаш, истите не само што се непотребни, туку истите се и бесцелни и преставуваат дополнително оптеретување на Законската регулатива, а не ги решаваат проблемите и пропустите во истата со кои давателите на услугата брз трансфер на пари секојдневно се соочуваат.

Негативните ефекти од вака предложените измени се видливи дури и пред истите да влезат во процедура и пред истите да бидат стапени на сила, затоа што само по неколку дена од почетокот на циркулирање на оваа информација по печатените и електронските медиуми како и на социјалните мрежи се појави општа паника кај примателите, кои стравуваат дека од веќе процесираните трансфери Управата за јавни приходи ќе им наплати данок, а поучени од искуството на укинување на социјална помош на најзагрозените, како и ретроактивна наплата на данок на клиенти коишто биле корисници на услугата брз трансфер на пари.

Укажуваме дека согласно податоците за ноември 2017 година, просечниот трансфер направен преку услугата брз трансфер на пари изнесува 288 евра.

Согласно анализите на давателите на услуга на брз трансфер на пари околу 60.000 семејства добиваат месечни приливи со кои ги покриваат задолжителните режиски и комунални трошоци.

Оттука персоналниот данок кој примателот на парите ќе треба да го исплати ако се земе сумата на еден просечен трансфер изнесува приближно 2.000,00 денари, односно, сумата што од добиените пари примателот треба да ја издвои за да истата ја плати како персонален данок во Република Македонија воопшто не е мала сума за некого кој за цел месец треба да ги покрие животните трошоци , односно да плати струја, вода, греење и да преживее заедно со останатите членови од семејството.

Исто така предложените измени не само што негативно ќе се одразат врз приливот на девизи во Република Македонија туку истите ќе имаат и директен негативен ефект во опстојувањето на малите бизниси.

Повеќе од сигурни сме дека стравот од можно оданочување ке резултира со преминување на легалните трансфери, односно вкупна сума на формални приливи од 155 милиони евра (извор НБРМ за 2016 година), во нелегални односно црни канали, а што секако ќе има сериозни негативни влијанија во повеќе насоки, и тоа:

- Затварање на околу 300 микро бизниси, коишто ќе мораат да ги затворат своите бизниси поради нерентабилност.
- Минимум 630 семејства од вработени во овие микро бизниси ќе останат без своите месечни приходи.
- Негативен импакт во државниот буџет, во смисла на наплата на данок на добивка кои досега го плаќале лиценцираните агенти и субагенти.
- Негативен импакт во приходите на Американските глобални системи, во бруто износ од 10 милиони евра.

Особено загрижувачки е фактот што очекуваното преминување на трансферите од формалните канали преку давателите на услуги за брз трансфер на пари преку изнаоѓање на неформални канали за трансфер на пари, а заради вака предложените измени, дополнително ќе се оневозможи следење, детектирање и навремено пријавување до надлежните институции на сомнителни трансакции поврзани со спречувањето перење пари и финансирање на тероризам како една од главните обврски на постоечките лиценцирани агенти и субагенти кои спореведуваат посебни одобрени програми за спречување перење пари.

Ценејќи ја вашата сензибилност за горенаведените негативни влијанија,а кои произлегуваат од гореспоменатите факти се надеваме дека сериозно ќе придонесе за преиспитување на ставот за донесување на законските промени, за што и Ви го доставуваме овој допис.

Со Почит,

За Унија Финансиска Скопје,

За  Монета

За Цапитал Трансфер